**I КАТЕГОРИЈА – Потрошувачи на електрична енергија, физички и правни лица регистрирани за вршење на приоритетна дејност-главна приходна шифра (само за потрошувачката на броилата за електрична енергија за извршување на приоритетната дејност) по цена од 80 евра /MWh, и тоа:**

- 01.47 одгледување на живина
- 10.11 преработка и конзервирање на месо
- 10.12 преработка и конзервирање на живинско месо
- 10.13 производство на животинско и живинско месо
- 10.41 производство на масла и масти
- 10.51 преработка на млеко и производство на млечни производи
- 10.61 производство на мелнички производи
- 10.71 производство на леб; слатки (колачи и торти) во свежа состојба и бисквити (кекси), и
- 10.89 производство на останати прехранбени производи, неспомнати на друго место (само за производство на квасец) во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија.

За остварување на правото утврдено со **Одлуката за преземање на мерка во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија**, потрошувачи на електрична енергија, физички и правни лица регистрирани за вршење на приоротетна дејност-главна приходна шифра (само за потрошувачката на броилата за електрична енергија за извршување на приоритетната дејност) наведени погоре, може да склучат Договор за снабдување со електрична енергија со ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје –**модел на Договор со следните прилози**

1. Тековна состојба на субјектот не постара од 1 месец
2. Изјава за мерно место
3. Листа на мерни места
4. Барање за промена на снабдувач
5. Изјава за промена на снабдувач
6. Полномошно.

Потрошувачите може да склучат Договор за снабдување со електрична енергија со избор на еден од следните датуми како почеток на период на снабдување:

- 01.12.2022 година,
- 01.01.2023 година,
- 01.02.2023 година,
- 01.03.2023 година,
- 01.04.2023 година.

Заинтересираните потрошувачи на електрична енергија за да почнат да се снабдуваат со електрична енергија од први во наредниот месец, **потребно е најдоцна до 20(дваесети) во тековниот месец** да го достават до ЕСМ Продажба ДООЕЛ потпишаниот договор со потребната документација.

За потрошувачите кои се снабдувани од снабдувач во краен случај, потпишаниот договор со потребната документација за снабдување со електрична енергија од први во наредниот месец, **потребно е да се достават најдоцна до 20(дваесети) во тековниот месец.**

Потпишаниот договор со потребната документација се доставуваат електронски на е-мејл адреса esmprodazba.prehrana@elem.com.mk  Документацијата во два примерока да се достави по пошта или лично на адреса 11 Октомври бр. 9, 1000 Скопје.

За датум на доставување ќе се смета датумот кога комплетната документација е доставена по електронски пат.